# Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ)
# РЦФ го објавува третиот повик за изразување интерес

Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ) претставува финансиски инструмент кој има за цел да ја зголеми вработливоста, особено кај младите. Фондот ја поттикнува конкурентноста на претпријатијата во економиите од Западен Балкан преку финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за избрани кооперативни проекти, и проекти за стручно и дуално образование кои се спроведуваат по пат на партнерства помеѓу установите за стручно образование и обука и претпријатијата. Грантовите се доделуваат преку натпревар на регионално ниво.

Германското федерално министерство за економска соработка и развој намени 64,43 милиони евра за РЦФ, а Владата на Швајцарија преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), вложи дополнителни 9,7 милиони швајцарски франци. Средствата се доделени на Германската развојна банка (KfW), а проектот се спроведува од Коморскиот инвестициски форум за Западен Балкан 6 (WB6-CIF), заедничка иницијатива на Стопанските комори од регионот.

Првиот и вториот повик привлекоа повеќе од 300 апликации за изразување интерес од сите економии на Западен Балкан 6. Со процесот на селекција се избраа 63 проекти за финансирање, одвојувајќи приближно 27 милиони евра за инвестиции во опрема, инфраструктура и обука кај давателите на стручни обуки и партнерските претпријатија.

Сега РЦФ го отвора третиотПовик за изразување интерес и ги повикува заинтересираните конзорциуми сочинети од установи за стручно образование и обука и претпријатија, кои заедно спроведуваат програми за кооперативна обука, да аплицираат и да:

- Се натпреваруваат за можноста да остварат значителни инвестиции во опрема за обука и капацитети за обука при установите за стручно образование и обука, како и да поттикнат воведување на нови технологии
- Го поддржат развојот на методологии за кооперативна обука заради ефективно справување со недостатокот на човечки ресурси и стратешки пристап кон градењето на капацитети
- Помогнат во подобрување на вработливоста на учениците/учесниците од стручното образование и обуки, и нивно интегрирање на пазарот на трудот
- Ја подобрат продуктивноста и конкурентноста на локалните претпријатија како резултат на успешно спроведените програми за обука.

ТРЕТИОТ ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕН ОД 22 МАЈ 2023 ДО 7 ЈУЛИ 2023, ДО 23:59 ЧАСОТ. ПОВИКОТ ЌЕ СЕ ОБЈАВИ ИСТОВРЕМЕНО ВО ШЕСТЕ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, ЦРНА ГОРА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА. РЦФ ОЧЕКУВА АПЛИКАЦИИ ОД СИТЕ ШЕСТ ДРЖАВИ И ОД СИТЕ ЕКОНОМСКИ СЕКТОРИ.

Изјави за изразување на интерес можат да поднесат конзорциуми составени од установи за стручно образование и обука и најмалку две претпријатија кои заедно подготвуваат и реализираат програми за дуално образование или кооперативна обука. Конзорциумите треба да бидат предводени од установи кои нудат стручно образование и обука и спроведуваат програми кои водат кон стекнување на национално признати квалификации.

Процесот на аплицирање за поддршка од Регионалниот фонд за предизвици се одвива во две фази. На почетокот конзорциумите поднесуваат формулар за Изјавување на интерес, а потоа тие кои ќе бидат првично одбрани по завршување на првата фаза поднесуваат и целосни предлог проекти со детален план за инвестирање.

Информативната сесија за Северна Македонија во текот на која ќе бидат објаснети деталите за конкурсот, условите за подобност, прифатливите трошоци и процедурите за аплицирање, ќе се одржи онлајн на 9 јуни, 2023 година во 11 часот. Заинтересираните за учество можат да се пријават на следниот линк овде.

Дополнителни информации за третиот повик и поднесувањето на Изјавите на интерес, вклучувајќи ги и насоките за заинтересираните апликанти, се достапни на веб страната www.rcf-wb6.org.

info@rcf-wb6.org | www.rcf-wb6.org